С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 3 година XLIV

19 февруари 2008

20.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),
Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори, трети и четврти квартал за 2007 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори, трети и четврти квартал за 2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 18.02.2008 година.

Број 08-937/1
19.02.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.02.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први,втори,трети и четврти квартал за 2007 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори, трети и четврти квартал за 2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-916/1
19.02.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

21.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Детален урбанистички план за Модул 1 и 2 меѓу улиците „Ленинова“, „Енгелсова“ и железничка пруга Скопје - Битола

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Детален урбанистички план за Модул 1 и 2 меѓу улиците „Ленинова“, „Енгелсова“ и железничка пруга Скопје - Битола, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 18.02.2008 година.

Број 08-937/2
19.02.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.51/05 и 137/07), член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 18.02.2008 година донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Детален урбанистички план за Модул 1 и 2 меѓу улиците „Ленинова", „Енгелсова" и железничка пруга Скопје-Битола

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за Модул 1 и 2 меѓу улиците „Ленинова", „Енгелсова" и железничката пруга Скопје-Битола(„Сл.гласник на Општина Велес" 6/92, 2/00, 4/00 и 2/04).

Измената и дополнувањето на ДУП е во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот („Сл. весник на РМ" бр. 2/02 и 50/03) и Правилник за стандарди и нормативи за проектирање на објекти („Сл. весник на РМ" бр.69/99, 102/00, 2/02 и 5/04).

Член 2

Просторот со кој се врши измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за Модул 1 и 2 меѓу улиците „Ленинова", „Енгелсова" и железничката пруга Скопје-Битола е со површина на урбано подрачје од 1.59 ха.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

· Текстуален и графички дел со параметри за спроведување на Деталниот урбанистички план за Модул 1 и 2 меѓу улиците „Ленинова", „Енгелсова" и железничката пруга Скопје-Битола. Согласност од Министерството за транспорт и врски - Скопје.

· Извештај од јавна презентација и јавната анкета на Нацрт измената и дополнувањето на Деталниот урбанистички план за Модул 1 и 2 меѓу улиците „Ленинова", „Енгелсова" и железничката пруга Скопје-Битола.

Член 4

За измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за Модул 1 и 2 меѓу улиците „Ленинова", „Енгелсова" и железничката пруга Скопје-Битола има добиено Согласност од Министерството за транспорт и врски - Скопје.

Член 5

Деталниот урбанистички план за Модул 1 и 2 меѓу улиците „Ленинова", „Енгелсова" и железничката пруга Скопје-Битола го потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Велес во 7 (седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивот на Општината, еден кај Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес, еден во Државниот архив на РМ подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски - Скопје, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам - Скопје, еден во Државниот завод за геодетски работи подрачна единица Велес и еден примерок се изложува во просториите на Општина Велес за достапност на јавноста.

Член 6

Советот на Општина Велес е должен во рок од 30 дена да обезбеди картирање на планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот завод за геодетски работи подрачна единица Велес на чување и користење како подлоги за издавање на нумерички податоци.

Член 7

Измената и дополнувањето на Деталниот урбанистички план за Модул 1 и 2 меѓу улиците „Ленинова", „Енгелсова" и железничката пруга Скопје-Битола го спроведува Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-916/2
19.02.2008година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

22.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за формирање работно тело за изработка на Стратегија за локален развој на Општина Велес

Се објавува Одлуката за формирање работно тело за изработка на Стратегија за локален развој на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 18.02.2008 година.

Број 08-937/3
19.02.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр. 05/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес„ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 18.02.2008 година донесе

О Д Л У К А
за формирање работно тело за изработка на Стратегија за локален развој на Општина Велес

Член 1

Се донесува одлука за формирање на работно тело за изработка на Стратегија за локален развој на Општина Велес

Член 2

За членови на работното тело се именуваат:

Рб.	ОРГАНИЗАЦИЈА	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ
1	Општина Велес	Соња Пренџова Јуруковска
2	Општина Велес	Александар Костовски
3	Општина Велес	Билјана Шуркова Манаскова
4	Општина Велес	Слободан Атанасовски
5	Совет на Општина Велес	Ацо Петров
6	Совет на Општина Велес	Оливер Гашев
7	Совет на Општина Велес	Ефтимија Карбева Лукарова
8	Совет на Општина Велес	Фехим Јусовиќ
9	Совет на Општина Велес	Зоран Ѓуровски
10	Совет на Општина Велес	Атанас Василев
11	ЈКП Дервен	Анѓел Маџаров
12	АВРМ Центар за вработување Велес	Тодорка Петковска
13	Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија – ПЕ Велес	Наташа Џипунова
14	ЕД „ Вила Зора“	Ненад Коциќ
15	Фондација „ ФОКУС“	Димче Велев
16	Фондација „ ФОКУС“	Веса Шкортова
17	ТКУД „ Бирлик“	Бесим Ахмедов
18	Сојуз на спортови	Трајче Ковачев
19	ООУ „ Васил Главинов“	Асен Прличков
20	ССОУ„ Јовче Тесличков“	Панче Иванов
21	ОЈУДГ „ Димче Мирчев“	Татјана Ѓорѓиевска Лазаревски

22	„ БРАКО“	Орце Давчев
23	„ СНУПИ“	Атанас Манев
24	ТВ „ ЗДРАВКИН“	Дијана Иванова
25	„ Канал 21“	Кире Василевски
26	Совет за заштита на потрошувачите	Сашко Ѓоргов
27	Совет на Општина Велес	Данчо Стојановски
28	Центар за социјална работа	Родна Јанчева
29	Мелничко пекарска групација	Румен Смилев
30	Младинска асоцијација на средни училишта на Македонија	Дајана Димитриевска

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-916/3
19.02.2008 година
В е л е с

Председател
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

23.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),
Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за отпис на застарени обврски во Буџетот на Општина Велес

Се објавува Одлуката за отпис на застарени обврски во Буџетот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 18.02.2008 година.

Број 08-937/4
19.02.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 45, став1 од Статутот на Општина Велес(„Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.02.2008 година донесе

О Д Л У К А
за отпис на застарени обврски во Буџетот на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши отпис на застарени обврски кои Општина Велес ги имала спрема други правни лица и се евидентирани во Буџетот на Општина Велес за 2008 година.

Член 2

Се врши отпишување на обврските спрема следниве правни лица:

комитент	документ број	износ
Евростил Велес	272/2005	46.000,00
Лозар АД Велес	34135,31145,1335	20.285,50
Тедико дисконт дооел Велес	60459,60491,60530	3.471,00
Медицински центар Велес	136	20.000,00
Целеградба Велес	39/2001	68.386,00
Македонски железници	18-41-01	18.640,00
ЗУАС АД Скопје	168/2002,164/2002 120/2002,165/2002	244.291,00

Висината на обврските кои се отпишуваат се во вкупен износ од 421.073,50 денари.

Член 3

Отпишувањето на утврдениот износ на обврските од член 2 на оваа Одлука е согласно Извештајот за извршен попис на денарската, девизната и благајната на чекови на Општина Велес, како и пописот на целокупните побарувања и обврски бр. 02-701/1 од 06.02.2008 година, доставен од Комисијата за вршење попис на паричните средства на благајната на Органот на Општина Велес.

Член 4

Донесувањето на оваа Одлука ќе значи право на отпишување на паричните обврски евидентирани во Буџетот на Општина Велес и истата ќе ја спроведе Одделението за финансирање, Буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-916/4
19.02.2008 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

24.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),
Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес

Се објавува Одлуката за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 18.02.2008 година.

Број 08-937/5
19.02.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес(„Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/06), а согласно Извештајот за извршениот годишен попис на основни средства и ситен инвентар за 2007 година бр.02-541/1 од 31.01.2008 година изготвен од Комисијата за вршење на попис на основните средства и ситен инвентар,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.02.2008 година, донесе

О Д Л У К А
за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши отпис и

расходување на основни средства и ситен инвентар, сопственост на Општина Велес, евидентирани во Буџетот на Општина Велес за 2007 година.

Член 2

Отписот и расходувањето на основните средства и ситниот инвентар се врши на предлог на Комисијата за вршење на попис на основните средства и ситен инвентар за 2007 година, поради нивна дотраеност и неупотребливост.

Член 3

Бројот и видот на отпишаните и расходувани основни средства и ситен инвентар се утврдени по спецификација, која е составен дел на оваа Одлука и нивната вкупна книговодствена вредност е во висина од 21.921,70 денари.

Член 4

Отпишувањето и расходувањето на основните средства и ситниот инвентар ќе го изврши Комисија составена од 5 (пет) члена , која на предлог на Градоначалникот ќе ја формира Советот на Општина Велес.

Член 5

Комисијата ќе изврши увид во фактичката состојба на основните средства и ситниот инвентар кои се предлог за отпишување и расходување.

Комисијата ќе утврди како да се постапи понатаму со предметните основни средства и ситен инвентар (истите да се оттуѓат по пат на продажба или се уништат и исфрлат во отпад).

За својата работа Комисијата е должна да состави записник и истиот да го достави до Градоначалникот на Општина Велес.

Член 6

Донесувањето на оваа Одлука ќе значи право на отпишување на утврдената вредност на отпишаните основни средства и ситен инвентар од Буџетот на Општина Велес и истата ќе ја спроведе Одделението за финансирање, Буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-916/5
19.02.2008 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

25.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за подигање на трајна поставка на портрети на знаменити велешани

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за подигање на трајна поставка на портрети на знаменити велешани, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 18.02.2008 година.

Број 08-937/6
19.02.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа(„Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.02.2008 година, донесе

ОДЛУКА
за измена и дополнување на Одлуката за подигање на трајна поставка на портрети на знаменити велешани

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за подигање трајна поставка на портрети на знаменити велешани („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/05 и 3/06), и тоа:

во член 3, став 3 после реден број 17 се додаваат броевите:

„18. Ѓорги Зографски
19. Живко Фирфов
20. Стефан Гајдов“

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-916/6
19.02.2008 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

26.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за издавање простор на времено користење

Се објавува Одлуката за издавање простор на времено користење, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 18.02.2008 година.

Број 08-937/7
19.02.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.02.2008 година, донесе

ОДЛУКА
за издавање простор на времено користење

Член 1

Со оваа Одлука се издава на времено користење Големата сала на Општина Велес во период од 7 дена на продуцентската куќа „Brother & sisters Mitevski“.

Член 2

Продуцентската куќа „Brother & sisters Mitevski“ ќе ја користи Големата сала на Општина Велес за организирање премиера и прикажување на филмот „Јас сум од Титов Велес“ во периодот од 26 февруари најмногу до 3 март.

Член 3

За користење на салата продуцентската куќа „Brother & sisters Mitevski“ на Општина Велес ќе и исплати паричен надоместок неопходен за подмирување на трошоците што ќе произлезат од користењето на просторот.

Член 4

Градоначалникот на Општина Велес и продуцентската куќа „Brother & sisters Mitevski“ ќе склучат посебен Договор во кој ќе бидат утврдени условите за времено користење на просторот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-916/7
19.02.2008 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

27.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 18.02.2008 година.

Број 08-937/8
19.02.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РМ“ бр. 68/04 и 127/06), член 36 став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.02.2008 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 4/05, 1/07, 5/07 и 16/07), се врши измена во членот 15, каде броевите

„31.12.2007 година“ се заменуваат со „31.12.2008 година“

.**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 07-916/8
19.02.2008 година
В е л е с

ПРЕДСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

28.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за користење на грбот на Општина Велес

Се објавува Одлуката за користење на грбот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 18.02.2008 година.

Број 08-937/9
19.02.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 45, став 1, а во врска со член 90, став 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес бр. 12 / 06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 18.02.2008 година, донесе

О Д Л У К А
за користење на грбот на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува користење на грбот на Општина Велес во печатот на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата-Велес.

Член 2

Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата-Велес да го изработи печатот во согласност со актите и истиот може да го користи само на својот печат.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-916/9
19.02.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

29.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за разгледување на Информација за воспитно-образовната работа на општинските основни училишта во Општина Велес во првото полугодие од учебната 2007/2008 година

Се објавува Заклучокот за разгледување на Информација за воспитно-образовната работа на општинските основни училишта во Општина Велес во првото полугодие од учебната 2007/2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 18.02.2008 година.

Број 08-937/10
19.02.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.02.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за разгледување на Информација за воспитно-образовната работа на општинските основни училишта во Општина Велес во првото полугодие од учебната 2007/2008 година

1. Советот на Општина Велес ја разгледа Информацијата за воспитно- образовната работа на општинските основни училишта во Општина Велес во првото полугодие од учебната 2007/2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-916/10
19.02.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

30.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за разгледување на Информацијата за воспитно-образовната работа на општинските средни училишта во Општина Велес во првото полугодие од учебната 2007/2008 година

Се објавува Заклучокот за разгледување на Информација за воспитно-образовната работа на општинските средни училишта во Општина Велес во првото полугодие од учебната 2007/2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 18.02.2008 година.

Број 08-937/11
19.02.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.02.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за разгледување на Информацијата за воспитно-образовната работа на општинските средни училишта во Општина Велес во првото полугодие од учебната 2007/2008 година

1. Советот на Општина Велес ја разгледа Информацијата за воспитно- образовната работа на општинските средни училишта во Општина Велес во првото полугодие од учебната 2007/2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-916/11
19.02.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

31.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на социјалната заштита по делегирани надлежности за период октомври-декември 2007 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на социјалната заштита по делегирани надлежности за период октомври-декември 2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 18.02.2008 година.

Број 08-937/12
19.02.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.02.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за реализираните активности од областа на социјалната заштита по делегирани надлежности за период октомври-декември 2007 година

.1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за реализираните активности од областа на социјалната заштита по делегирани надлежности за период октомври-декември 2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-916/12
19.02.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

32.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за прифаќање на Иницијатива за отворање на Државен универзитет за информатички технологии во Велес

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за отворање на Државен универзитет за информатички техологии во Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 18.02.2008 година.

Број 08-937/13
19.02.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.02.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Иницијатива за отворање на Државен универзитет за информатички технологии во Велес

1. Советот на Општина Велес ја прифати Иницијативата за отворање на Државен универзитет за информатички технологии во Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-916/13
19.02.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

33.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за прифаќање на Иницијатива за реализација на проект „Аква парк“

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за реализација на проект „Аква парк“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 18.02.2008 година.

Број 08-937/14
19.02.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.02.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Иницијативата за реализација на проект „Аква парк“

1. Советот на Општина Велес ја прифати Иницијативата за реализација на проект „Аква парк“.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-916/14
19.02.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

34.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за именување на претседател и членови на Комисија за вршење на отпис на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес

Се објавува Решението за именување на претседател и членови на Комисија за вршење на отпис на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 18.02.2008 година.

Број 08-937/15
19.02.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.02.2008 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на претседател и членови на Комисија за вршење на отпис на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес

1. За претседател на Комисијата за вршење на отпис на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес се именува:

- Јовче Митковски вработен во Општина Велес

2. За членови на Комисијата за вршење на отпис на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес се именуваат:

- Душан Крстевски и
- Александар Костовски вработени во Општина Велес
- Валентина Делиманчева Андреева и
- Марина Мијајлевска членови на Советот на Општина Велес

3. Комисијата ќе изврши увид во фактичката состојба на основните средства и ситниот инвентар кои се предлог за отпишување и расходување, согласно предлогот на пописната комисија.

4. Комисијата ќе утврди како да се постапи понатаму со предметните основни средства и ситен инвентар (истите да се оттуѓат по пат на продажба или се уништат и исфрлат во отпад).

5. За својата работа Комисијата е должна да состави записник и истиот да го достави до Градоначалникот на Општина Велес.

6. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Служнбен гласник на Општина Велес”.

Број 07-916/15
19.02.2008 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

35.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),
Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад

Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 18.02.2008 година.

Број 08-937/16
19.02.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз онова на член11, став 1, точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр. 38/96, 6/02, 4/03 и 49/06), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45,став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.02.2008 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Одлуката за висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад

1. Со ова Решение се дава согласност на Одлуката за висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад број 02-168, донесена од Управниот одбор на ЈКП "Дервен"- Велес на седницата одржана на 08.02.2008 година.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-916/16
19.02.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

36.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за висината на цената за одржување и користење на паркови и на зелени јавни површини

Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката за висината на цената за одржување и користење на паркови и на зелени јавни површини, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 18.02.2008 година.

Број 08-937/17
19.02.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз онова на член11, став 1, точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр. 38/96, 6/02, 4/03 и 49/06), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45,став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.02.2008 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Одлуката за висината на цената за одржување и користење на паркови и на зелени јавни површини

1. Со ова Решение се дава согласност на Одлуката за висината на цената за одржување и користење на паркови и на зелени површини број 02-169, донесена од Управниот одбор на ЈКП "Дервен"- Велес на седницата одржана на 08.02.2008 година.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-916/17
19.02.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Бр на акт **Страница**

20	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори, трети и четврти квартал за 2007 година**	**54**
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први,втори,трети и четврти квартал за 2007 година	
21	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Детален урбанистички план за Модул 1 и 2 меѓу улиците „Ленинова“, „Енгелсова“ и железничка пруга Скопје - Битола**	**54**
	О Д Л У К А за измена и дополнување на Детален урбанистички план за Модул 1 и 2 меѓу улиците „Ленинова“, „Енгелсова“ и железничка пруга Скопје-Битола	
22	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за формирање работно тело за изработка на Стратегија за локален развој на Општина Велес**	**56**
	О Д Л У К А за формирање работно тело за изработка на Стратегија за локален развој на Општина Велес	
23	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за отпис на застарени обврски во Буџетот на Општина Велес**	**57**
	О Д Л У К А за отпис на застарени обврски во Буџетот на Општина Велес	
24	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес**	**58**
	О Д Л У К А за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес	
25	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за подигање на трајна поставка на портрети на знаменити велешани**	**59**
	ОДЛУКА за измена и дополнување на Одлуката за подигање на трајна поставка на портрети на знаменити велешани	
26	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за издавање простор на времено користење**	**60**
	З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за издавање простор на времено користење	

Бр на акт **Страница**

27	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес**	60
	О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес	
28	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за користење на грбот на Општина Велес**	61
	О Д Л У К А за користење на грбот на Општина Велес	
29	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за разгледување на Информација за воспитно-образовната работа на општинските основни училишта во Општина Велес во првото полугодие од учебната 2007/2008 година**	61
	З А К Л У Ч О К за разгледување на Информација за воспитно-образовната работа на општинските основни училишта во Општина Велес во првото полугодие од учебната 2007/2007 година	
30	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за разгледување на Информацијата за воспитно-образовната работа на општинските средни училишта во Општина Велес во првото полугодие од учебната 2007/2008 година**	62
	З А К Л У Ч О К за разгледување на Информацијата за воспитно-образовната работа на општинските средни училишта во Општина Велес во првото полугодие од учебната 2007/2007 година	
31	**З А К Л У Ч О Кза објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај за реализираните активности од областа на социјалната заштита по делегирани надлежности за период октомври-декември 2007 година**	62
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештајот за реализираните активности од областа на социјалната заштита по делегирани надлежности за период октомври-декември 2007 година	
32	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за прифаќање на Иницијатива за отворање на Државен универзитет за информатички технологии во Велес**	63
	З А К Л У Ч О К за прифаќање на Иницијатива за отворање на Државен универзитет за информатички технологии во Велес	

Бр на акт **Страница**

33	**ЗЗ А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за прифаќање на Иницијатива за реализација на проект „Аква парк“** **З А К Л У Ч О К за прифаќање на Иницијативата за реализација на проект „Аква парк“**	63
34	**З А К Л У Ч О Кза објавување на Решението за именување на претседател и членови на Комисија за вршење на отпис на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за именување на претседател и членови на Комисија за вршење на отпис на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Велес**	64
35	**З А К Л У Ч О Кза објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад** **Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад**	65
36	**З А К Л У Ч О Кза објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за висината на цената за одржување и користење на паркови и на зелени јавни површини** **Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за висината на цената за одржување и користење на паркови и на зелени јавни површини**	65

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00